**488.**

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) и член 9 став 2 од Законот за таксата за привремен престој („Службен весник на Република Македонија” бр. 19/96, 26/02, 51/03, 88/08, 17/11, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

I

Со оваа програма ќе се реализираат активности за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2024 година.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 283/23), раздел 10001 – Министерство за економија, Потпрограма 14 – Развој на туризмот во Република Северна Македонија, ставки 42 – стоки и услуги, 46 – субвенции и трансфери и 48- Капитални расходи, во износ од 72.000.000,00 денари.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за следните активности:

**1. Меѓународна и билатерална соработка во туризмот**

Зголемена и интензивирана соработка во доменот на меѓународната комуникација со големите и значајни туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на туризмот како Светската туристичка организација, Европската патничка комисија, Централно европската иницијатива и др., учество на саеми, како и билатералните соработки во областа на туризмот (потпишување на договори, регионални конференции, средби и др.), како и плаќање на членарина за Светската туристичка организација.

Оваа активност ќе се реализира континуирано во текот на цела 2024 година.

3.500.000,00 денари

**2. Подготовка на Национална стратегија и акциски план за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2024-2028 година.**

Со оглед на тоа дека претходно донесената и усвоена „Национална стратегија за развој на туризмот во Република Северна Македонија 2016-2021 година”, беше ревидирана за период 2018-2023 година, со што се даде дополнителен временски рок за имплементација и реализација на планираните активности наведени во истата, Министерството за економија ги отпочнува подготовките за изработка на нова стратегија за туризам за наредниот период со временска рамка од пет години.

При подготовка на новата стратегија потребно е:

- анализа на Националната стратегија за туризам 2016 – 2021 година, со вклучена анализа на степен на имплементација, идентификација на бариерите и анализа на надостатоци на постоечката стратегија и
- ситуациона анализа на тековната состојба во областа на туризмот во Република Северна Македонија во 2024 година (особено во однос на 2019 година) со вклучена анализа на статистички параметри за туризмот, организациски структури на туризмот во Република Северна Македонија, туристички маркетинг и брендирање, едукација во туризмот.

При ситуационата анализа во предвид треба да се земат следните параметри кои влијаат на состојбите во туризмот:

- свесност за туризмот во Република Северна Македонија;
- законодавна рамка во Република Северна Македонија;
- тековна организација на туризмот во Република Северна Македонија;
- постоечки туристички производи во Република Северна Македонија;
- инфраструктура;
- животна околина;
- маркетинг;
- човечки ресурси и
- финансирање.

Во текстот на Национална стратегија за туризам во Република Северна Македонија за наредниот период треба да се дефинира идната визија за туризмот, стратешки цели, стратегија за маркетинг и брендирање, типови на туризам и зони со најголем потенцијал за развој на туризмот во Република Северна Македонија.

За реализација на оваа активност, Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка.

Предмет на јавната набавка ќе биде истражување, анализа и изработка на Национална стратегија и акциски план за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2024-2028 година.

Право на учество на јавната набавка ќе имаат сите заинтересирани субјекти, правни лица, фондации и здруженија кои имаат потенцијал и можност за изготвување на стратегии согласно техничката спецификација која ќе биде предмет на набавката.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец септември 2024 година.

5.500.000,00 денари

**3. Субвенции за туристички цели на селски домаќинства во руралните средини**

Со цел поттикнување на развој на туризмот во руралните средини се предвидува финансиска поддршка при градење или адаптација на селски домаќинства кои ќе даваат угостителски услуги во согласност со Правилникот за начинот и поблиските критериуми за добивање на ознаката во селските домаќинства во руралните средини.

Финансиската поддршка во износ од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000,00 денари, ќе биде наменета за набавка на опрема и инвентар, реконструкција како и за уредување на просторот на селски домаќинства.

Домаќинствата кои ќе учествуваат на јавниот повик треба да обезбедат: објектот да е уреден и опремен согласно традицијата на крајот во кој се наоѓа, да подготвува и послужува топли и ладни јадења, пијалаци и напивки вообичаени за крајот во кој се наоѓа селското домаќинство, да нуди услуги за сместување (најмногу до пет соби), надворешниот изглед на куќата да биде без оштетување и знаци на дотраеност, а околината да биде уредена. Ваквите семејни домаќинства ќе добијат ознака на која има „сончоглед“, како потврда дека станува збор за селско домаќинство во рурална средина кои вршат угостителска дејност.

Со поддршка на селските домаќинства во руралните средини се обезбедува самовработување за лица во рурални средини и зголемување на автентична туристичка понуда, со можност за промоција на локалните вредности.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец октомври 2024 година со објавување на јавен повик.

2.000.000,00 денари

4. Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот

Предмет на мерката е субвенционирање на туристички претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, државјани на Република Северна Македонија, преку кофинансирање на 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 100.000,00 денари, направени за следните намени:

- Набавка на опрема и алати;
- Уредување/подобрување на деловниот простор или - Одржување на обуки за вработените за подобрување на квалитетот на услугата.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавен повик на кој ќе можат да учествуваат сите правни субјекти во сопственост (над 50%) и управувани од жени кои се регистрирани соодветно на наведената дејност. Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец септември 2024 година.

2.000.000,00 денари

**5. Поддршка на зимскиот туризам преку организирање на регионална конференција**

Регионалните конференции се една од главните алатки за подобрување на туристичката клима во регионот. Со организирањето на ваквите конференции ќе се овозможи заеднички пристап во подобрувањето на туристичката понуда во регионот. Исто така конференциите имаат и едукативен карактер, ќе се видат искуствата од земјите во регионот и новите трендови во туризмот.

За реализација на оваа активност, Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка, на која ќе можат да учествуваат сите заинтересирани субјекти, правни лица кои имаат потенцијал и можност за организирање на конференција согласно техничката спецификација која ќе биде предмет на набавката.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец јануари до месец март 2024 година.

500.000,00 денари

**6. Одбележување на Светскиот ден на туризмот со доделување на признанија за најуспешните од областа на туризмот**

По повод 27 септември – Светскиот ден на туризмот се организира настан, каде што се доделуваат признанија за најуспешните во категориајта: хотели, туристички агенции, ресторани, уредени плажи и манифестации.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе Јавен повик на кој право на учество ќе имаат сите заинтересирани субјекти кои вршат дејност туризам или угостителство.

Оваа активност ќе се реализира во месец септември 2024 година.

500.000,00 денари

**7. Изготвување на студија за развој на човечките ресурси согласно понудата и побарувачката во туризмот и угостителството во Република Северна Македонија**

Во Република Северна Македонија се повеќе се зголемува бројот на туристите и туристичкото стопанство има потреба од квалификуван стручен кадар. Кадарот кој се формира во земјата доаѓа од формалното образование (средните угостителско-туристички училишта и факултетите за туризам и угостителство) и неформалното образование (тренинг центри). Оваа студија има за цел да направи истражување на состојбите со човечките ресурси во земјата од областа на туризмот и угостителството и да даде предлози за иден развој на професионалните кадри согласно потребите на стопанството.

За реализација на оваа активност Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка.

Предмет на јавната набавка ќе биде истражување, анализа, и изработка на студија за развој на човечките ресурси во Република Северна Македонија.

Право на учество на јавната набавка имаат сите заинтересирани субјекти, правни лица, фондации и здруженија кои имаат потенцијал и можност за изготвување на студија согласно техничката спецификација која ќе биде предмет на јавната набавката.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец мај до месец јули 2024 година.

1.000.000,00 денари

**8. ЕКО АКЦИЈА за чистење на туристичките центри низ државата и Кампања за безбедно патување**

Пред почнување на туристичките сезони во соработка со приватниот сектор, невладините организации, здруженијата за туризам и факултетите за туризам, Министерството за економија ќе организира активности за чистење на отпадот од патиштата, како и дистрибуција на промотивен материјал за важноста на животната средина во развојот на туризмот.

Во соработка со Министерство за внатрешни работи предвидено е кампања за безбедно патување.

На сите гранични премини е предвидено делење на флаери како и медиумска кампања за туристите кои патуваат низ државата.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец октомври 2024 година.

1.000.000,00 денари

**9. Надградба на онлајн платформата за објавување, следење и евалуација на јавни повици**

Министерството за економија во 2021 година подготви онлајн платформата за објавување, следење и евалуација на јавни повици која беше ставена во функција во 2022 година и даде видливи реултати. Истата треба да се надгради и одржува стручно со цел електронска објавување, следење и евалуација на јавни повици и транспарентно, ефикасно и ефективно спроведување на истите од страна на Министерството за економија.

За реализација на оваа активност, Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка на кој право на учество ќе имаат сите правни лица, регистрирани за вршење на оваа дејност и ќе ги исполнуваат условите што ќе се предвидат со јавната набавка.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец мај 2024 година.

500.000,00 денари

**10. Поддршка за рурален туризам преку инвестиции во градба или реконструкција на туристички капацитети за сместување и исхрана во рурални средини**

Со цел подобрување на стандардот на угостителските услуги во рурални средини, подобрување на пазарната конкурентност и ефикасноста на угостителски-

те објекти и зголемување на вработеноста во руралните средини се предвидува финансиска поддршка при градење или адаптација на угостителски објекти за сместување и исхрана во рурални средини кои се регистрирани како правни лица за вршење на угостителска дејност.

Финансиската поддршка во износ од 75% од докажаните трошоци, но не повеќе од 8.000.000,00 денари за секој деловен субјект-барател на средства се предвидува со намена за изградба на нови и адаптација на постоечки угостителски објекти, како и набавка на опрема за истите.

Инвестицијата треба да биде во рурална средина и тоа според листата на населени места определени како рурални области кои можат да користат средства.

Рурални подрачја според националната дефиниција се населени места до 30 000 жители што значи дека може да аплицираат баратели чии инвестиции се во села, населени места но и помалите градови како Берово, Пробиштип, Богданци, Дебар, Кичево, Кратово, Кочани, Делчево и други.

Документите кои се потребни при изградбата на објектот и набавка на опрема ќе бидат опишани во јавниот повик кој ќе биде објавен од страна на Министерството за економија.

Капацитетот на објектот треба да биде од најмалку 10 соби (20 легла) а најмногу до 40 соби (80 легла), не вклучувајќи ги дополнителните кревети за деца.

Финансиската поддршка ќе се исплаќа во форма на еднократна финансиска поддршка наменета за постигнување на целта.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе Јавен повик со наведување на сите критериуми и тоа:

1. деловни субјекти кои можат да користат финансиска поддршка
2. висина на финансиската поддршка;
3. формата на Пријава и Инвестициски план;
4. докази кои е потребно да бидат приложени при поднесување на Пријавата и тоа:
- тековна состојба за деловниот субјект не постара од шест месеци
- биланс на успех за 2023 година
- инвестициски план
6. нацрт на Договорот за финансиска поддршка;
7. друга документација

Исплатата ќе се изврши во рок од 15 дена од денот на потпишување на Договорите за финансиска поддршка.

Деловниот субјект на кој му е доделена и исплатена финансиска поддршка треба до 30.11.2024 година до давателот на финансиската поддршка да достави завршен Извештај за текот на реализација на инвестицискиот план со докази во вид на финансиска и друга документација соодветна на инвестицискиот проект дека истиот се реализира во рамките на инвестицискиот план за кој е исплатена финансиската поддршка.

Доколку деловниот субјект не успее да ја заврши инвестицијата или не успее да ја докаже минимум 80% од вредноста на инвестицијата, треба да ги врати средствата во Буџетот на Република Северна Македонија, не подоцна од 25.12.2024 година, во спротивно давателот на финансиската поддршка ќе ја активира меницата како механизам за обезбедување.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месецјануари до месец декември 2024 година.

43.000.000,00 денари

**11. Субвенции за приспособување на угостителски објекти за пристап на лица со попречености**

Согласно Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост сите земји треба да преземат низа мерки, со активно вклучување на лицата со попреченост за да обезбедат и да промовираат целосно остварување на сите човекови права и основни слободи за сите лица со попреченост без дискриминација по било кој основа.

Целта на активноста е да се промовира, да се заштити и да се обезбеди целосно уживање на сите човекови права и фундаментални слободи на сите лица со попреченост.

За таа цел со оваа активност е предвидено финансиска поддршка во износ од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 300.000,00 денари за инвестиции во категоризирани угостителски објекти за сместување и пропратни активности во рамки на угостителскиот објект (базени, игралишта, плажи и слично) за адаптирање на простор за пристап на лица со попреченост.

За реализација на оваа активност, Министерството за економија ќе објави јавен повик.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец септември 2024 година.

4.000.000,00 денари

**12. Изготвување на студија за намалување на отпадот од храна и еко практики во угостителството и туризмот во Република Северна Македонија**

Глобалното губење на храна и отпад изнесуваат помеѓу една третина и една половина од целата произведена храна во светот. Голем дел од овој отпад од храна се генерира во туризмот и угостителството (хотели, ресторани, кетеринг компании и сл.). Овој проект, има за цел изработка на студија за намалување на отпадот од храна и еко практики во угостителството и туризмот во Република Северна Македонија, кој ќе содржи, податоци, информации, примери и насоки за активности кои ќе допринесат за намалување на отпадот од храна во секторот туризам и угостителство во Република Северна Македонија.

За реализација на оваа активност Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка.

Предмет на јавната набавка ќе биде истражување, анализа и изработка на студија за намалување на отпадот од храна во угостителството и туризмот во Република Северна Македонија.

Право на учество на јавната набавка имаат сите заинтересирани субјекти, правни лица, фондации и здруженија кои имаат потенцијал и можност за изготвување на студии согласно техничката спецификација која ќе биде предмет на јавната набавка.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец септември 2024 година.

1.000.000,00 денари

**13. Субвенции на туристичко угостителскиот сектор за имплементација на ЕКО СТАНДАРДИ**

Со оваа активност се предвидува надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти од областа на туризмот и угостителството за сертификација на системи за квалитет според светски ЕКО стандарди.

За реализација на оваа активност, Министерството за економија ќе објави јавен повик за надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти од областа на туризмот и угостителството за имплементација и сертификација со системи за квалитет според светски ЕКО стандарди. За реализација на оваа активност се надоместува 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 100.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец септември 2024 година со објавување на јавен повик.

2.000.000,00 денари

**14. Поддршка на Активен туризам**

Светски тренд се активности кои се поврзани со активниот туризам и екстремни, односно адреналински спортови.

Преку објавување на јавен повик Министерството за економија ќе субвенционира трошоци за опрема и алатки кои ќе помогнат во подобрување на овој вид на туризам.

Министерството за економија ќе надомести 50% од прикажаните трошоци за оваа намена, но не повеќе од 150.000,00 денари за една апликација.

Право на учество на јавниот повик имаат здруженија регистрирани за развој на ваков вид на туризам.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец септември 2024 година со објавување на јавен повик.

2.000.000,00 денари

**15. Субвенции за едукација и тренинг обуки во туризмот и угостителството**

Во Република Северна Македонија, од сместувачките објекти најголемо учество во број на соби и број на легла се забележува кај приватните сместувачки капацитети. Со цел подобрување и подигнување на нивото на услугите за домашните и странски туристи, оваа активност предвидува субвенционирање на дел од едукацијата и тренинг обуките на кадарот во туризмот и угостителството, преку сертифицирање на персоналот кај приватните сместувачки капацитети. Министерството за економија ќе надомести 60% од прикажаните трошоци за оваа намена, но не повеќе од 20.000,00 денари за една апликација, која ќе биде наменета за реализација на обуки на заинтересираните лица. Заинтересираните лица кои ќе учествуваат на јавниот повик треба да обезбедат: решение за упис во регистарот на физичките лица кои вршат угостителска дејност и склучен договор со верифицирана установа која има извршено верификација на посебна програма за образование на возрасните од областа на туризмот и угостителството, наменета за приватните сместувачки капацитети.

За реализација на оваа активност, Министерството за економија ќе спроведе јавен повик на кој ќе можат да учествуваат физички лица кои вршат угостителска дејност и истите се категоризирани, односно поседуваат Решение за категоризација издадено од градоначалникот на општината, односно градоначалникот на Град Скопје.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец ноември 2024 година.

1.500.000,00 денари

**16. Субвенции за дигитализација на туристичко/угостителскиот сектор**

Со оваа активност ќе се субвенционираат софтверски решенија наменети за туристичко/угостителскиот сектор кои ќе придонесат за дигитализација на туристичката понуда и подобрување на дигиталната промоција на туристичко/угостителскиот сектор во Република Северна Македонија.

Министерството за економија ќе надомести 60% од прикажаните трошоци за оваа намена, но не повеќе од 150.000,00 денари за една апликација.

За реализација на оваа активност, Министерството за економија ќе објави јавен повик на кој ќе можат да учествуваат сите правни субјекти кои вршат дејност туризам и угостителство.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец мај 2024 година.

2.000.000,00 денари

ВКУПНО : 72.000.000,00 денари

III

ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

| Активност | Временски период | Начин на реализација |
|---|---|---|
| Точка 1 | Тековно цела година | Исплата на членарина за СТО |
| Точка 2 | Февруари-Септември | Со објавување на Јавна набавка |
| Точка 3 | Февруари-Октомври | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 4 | Март-Септември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 5 | Јануари - Март | Со објавување на Јавна набавка |
| Точка 6 | Септември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 7 | Мај - Јули | Со објавување на Јавна набавка |
| Точка 8 | Февруари - Октомври | Соработка со Министерството за внатрешни работи и стопанските комори за туризам |
| Точка 9 | Март - Мај | Со објавување на Јавна набавка |
| Точка 10 | Јануари - Декември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 11 | Март-Септември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 12 | Февруари-Септември | Со објавување на Јавна набавка |
| Точка 13 | Март-Септември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 14 | Март-Септември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 15 | Март-Ноември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 16 | Февруари-Мај | Со објавување на Јавен повик |

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

V

Министерството за економија, заклучно со 31.3.2025 година до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиски показатели како и образложението за евентуалните отстапувања од планираните активности.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-702/
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**489.**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 236/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ЗАШТИТА НА РАНЛИВИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Со оваа програма се утврдуваат:

1) потрошувачите кои спаѓаат во категорија на ранливи потрошувачи на енергија,

2) мерките што се преземаат за заштита на ранливите потрошувачи на енергија,

3) начинот на спроведување на мерките и надлежните органи одговорни за нивно спроведување,

4) мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија,

5) мерките што ги преземаат снабдувачите со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија и

6) потребните средства и извори за финансирање.

Член 2

(1) Корисници на оваа програма се потрошувачи на енергија коишто спаѓаат во категоријата на ранливи потрошувачи на енергија.

(2) Ранлив потрошувач е домаќинство:

1. коешто користи гарантирана минимална помош и остварува паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во согласност со член 42 од Законот за социјалната заштита и старите лица согласно член 7 од Законот за социјална сигурност за старите лица;

2. чиј вкупен нето доход кој подлежи на оданочување согласно Законот за данок на личен доход на месечно ниво на членовите на домаќинството во 2023 година (во натамошниот текст лица со ниски примања) не го надминувал износот од:

- 21.000,00 денари за самец;
- 30.000,00 денари за домаќинство со два члена;
- 35.000,00 денари за домаќинство со три члена;
- 40.000, 00 денари за домаќинство со четири члена;
- 45.000,00 денари за домаќинство со пет члена и повеќе.

(3) Доколку сите членови на домаќинството од став (2) точка 2 на овој член во 2023 година не оствариле доход нема да се стекнат со финансиска поддршка од член 4 од оваа програма.

(4) Ранлив потрошувач на електрична енергија од став (2) точка 1 на овој член е домаќинство кое што:

1. е снабдувано од снабдувач со обврска да обезбеди универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија.

2. потрошувачката на електрична енергија на годишно ниво не надминува 3600 kWh.

3. потрошувачката на електрична енергија се мери преку еднофазно броило со номинална струја на осигурувач или на приклучен вод од 25А или трофазно броило со номинална струја на осигурувач или на приклучен вод од 16А.

(5) Ранлив потрошувач на природен гас од став (2) точка 1 на овој член е домаќинство кое што:

1. е снабдувано од снабдувач со обврска да обезбеди јавна услуга во снабдувањето со природен гас,

2. потрошувачката на природен гас за месеците од октомври до март на годишно ниво не надминува 70 нормални метри кубни.

(6) Ранлив потрошувач на топлинска енергија е домаќинство кое што ги исполнува условите од став (2) точка 1 на овој член.

Член 3

Директната финансиска поддршка во 2024 година се обезбедува за оние ранливи потрошувачи на енергија од член 2 став (2) точка 1 од оваа програма коишто се опфатени со член 42 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 7 од Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19).

Член 4

(1) Лицата со ниски примања од член 2 став (2) точка 2 алинеја 1 од оваа програма се стекнуваат со финансиска поддршка преку доделување на потврда-ваучер во вредност од 27.000,00 денари во бруто износ по домаќинство, со вклучен данок на додадена вредност, за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, во вкупен износ од 10.000.000,00 денари.

(2) Лицата со ниски примања од член 2 став (2) точка 2 алинеја 2 од оваа програма се стекнуваат со финансиска поддршка преку доделување на потврда-ваучер во вредност од 27.000,00 денари во бруто износ по домаќинство, со вклучен данок на додадена вредност, за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, во вкупен износ од 10.000.000,00 денари.

(3) Лицата со ниски примања од член 2 став (2) точка 2 алинеја 3 од оваа програма се стекнуваат со финансиска поддршка преку доделување на потврда-ваучер во вредност од 27.000,00 денари во бруто износ по домаќинство, со вклучен данок на додадена вредност, за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, во вкупен износ од 5.000.000, 00 денари.

(4) Лицата со ниски примања од член 2 став (2) точка 2 алинеја 4 од оваа програма се стекнуваат со финансиска поддршка, преку доделување на потврда-ваучер во вредност од 30.000,00 денари во бруто износ по домаќинство, со вклучен данок на додадена вредност, за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, во вкупен износ од 10.000.000, 00 денари.

(5) Лицата со ниски примања од член 2 став (2) точка 2 алинеја 5 од оваа програма се стекнуваат со финансиска поддршка, преку доделување на потврда-ваучер во вредност од 30.000,00 денари во бруто износ по домаќинство, со вклучен данок на додадена вредност, за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди, во вкупен износ од 10.000.000, 00 денари.

(6) Доделувањето на потврда-ваучер од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член го врши Министерството за економија преку селекција на пристигнатите барања од домаќинствата со примена на принципот на најниски примања во домаќинство во 2023 година за секоја од категориите наведени во член 2 став (2) точка 2 од оваа програма, се до исцрпување на предвидените средства со оваа програма.